СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
27. 05. 2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 04- 6753/7

Врз основа на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА
## за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место УПР0101Б01000 Државен советник за организација и координација на подрачни единици

1. За работното место **Државен советник за организација и координација на подрачни единици** во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **ИГОР МИЌЕВ.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што Министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-6753/3 од 26.05.2025 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 01/2025 објавен на 21.05.2025 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, на ден 27.05.2025 година спроведе административна селекција и на ден 27.05.2025 година спроведе интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-6753/4 од 27.05.2025 година и Записник од спроведено интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлука за вработување број 04-6753/5 од 27.05.2025 година.

Врз основа на финалната ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлуката за вработување, Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Борче Серафимовски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015